Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 283/0306
22.12 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09 ноември 2023 година, врз основа на примена жалба од Ивана Настеска, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов „*Медиумски линч под превезот на новинарството, ‘Фероинвест’ и ‘Брако’ се жалат дека ИРЛ им прави притисок на судиите кои судат за амбулантите*“, објавен од порталот Плусинфо на 27.10.2023 година, отстапува од професионалните и етички стандарди утврден во членот 16 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 19 октомври 2023 година, лицето Ивана Настеска поднесе жалба за текстот со наслов „***МЕДИУМСКИ ЛИНЧ ПОД ПРЕВЕЗОТ НА НОВИНАРСТВОТО, „Фероинвест“ и „Брако“ се жалат дека ИРЛ им прави притисок на судиите кои судат за амбулантите***“, објавен од порталот Плусинфо на 27.10.2023 година.

Жалителката смета дека прекршени се членовите 1, 2, 8, 10 од Кодексот на новинарите. Во жалбата се истакнува следното: „Во објавата дословно се пренесува целото соопштение на фирмата Фероинвест за случај во судница, на кој новинари од Плусинфо не беа присутни. Колегите новинари од овој портал воопшто не нѐ контактираа за втора страна по однос на крајно навредливите, дрски, безобразни, омаловажувачки, клеветнички невистини, содржани во ПР-објавата на компанијата Фероинвест. Најмалку, чесно е Плусинфо да не го сервира ова на јавноста како апсолутна вистина пред да ги провери фактите кои како медиум се должни да го направат, за да утврдат вистинска фактичка состојба и што точно се случувало на судското рочиште на кое не беа присутни. Со оваа објава порталот Плусинфо прекрши повеќе членови од Кодексот на новинарите меѓу кои и член 1, член 6 и член 16. Ова не е прв случај кога колегите од Плусинфо известуваат еднострано кога е во прашање ИРЛ. Дополнително, сакаме да напоменеме дека до пишувањето на оваа претставка, единствено втора страна од ИРЛ побара порталот Мактел. Ова го напоменуваме бидејќи обврска и должност на новинарите е пред да објават соопштение да ја побараат и втората страна. Се друго е ПР објава која треба медиумот да ја наведе како таква.“

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Плусинфо.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во име на Плусинфо, одговор достави Бранко Героски од кој во контекст на оваа жалба се пренесува следното:

„Во врска со жалбата од Ивана Настевска, во врска со оспорениот текст од 27 октомври со наслов МЕДИУМСКИ ЛИНЧ ПОД ПРЕВЕЗОТ НА НОВИНАРСТВОТО „Фероинвест“ и „Брако“ се жалат дека ИРЛ им прави притисок на судиите кои судат за амбулантите, жалителката повторно се жали на божемно еднострано известување на Плусинфо.

Би сакале да претпоставиме дека жалителката ненамерно го превидела фактот дека Плусинфо на истиот датум (значи, 27 октомври) објави и текст со наслов ИРЛ ВЕЛИ ДЕКА НЕМА ДА БИДЕ ЗАМОЛЧЕНА Маја Јовановска е новинарката посочена во реакцијата на

Фероинвест (линк: https://plusinfo.mk/irl-veli-deka-nema-da-bide-zamolchena-ma-a-ovanovska-e-novinarkata-posochena-vo-reakci-ata-na-feroinvest/), во кој прецизно е пренесена изјава на новинарката Маја Јовановска за настанот за кој се зборува во соопштението на компаниите „Фероинвест“ и „Брако“.

Непристрасниот читател има можност да ги спореди тврдењата на двете страни (во написот во кој е пренесена изјавата на новинарката Маја Јовановска со линк е поврзано соопштението на компанијата) и да пресуди кому ќе му поклони верба. Од тие причини, Плусинфо ја повикува Комисијата да ја отфрли втората жалба на Настевска.“

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека во текстот е прекршен член 16 од Кодексот на новинарите на Македонија.

*Член 16: Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата одржана на 09 ноември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителката, извршија увид во спорната содржина и ги земаа предвид и аргументите истакнати во одговорот на медиумот.

Комисијата одлучи дека е прекршен членот 16 од Кодексот бидејќи и во овој текст, како и во други текстови на Плусинфо, јасно се забележува тенденција да ја подрива работата на новинарите на ИРЛ, притоа покажувајќи видлива наклонетост кон една страна, во конкретниот случај компанијата Фероинвест.

Тенденцијата е видлива и од самиот наслов, во кој новинарскиот истражувачки пристап на ИРЛ се квалификува (од страна на Фероинвест) или оценува како „медиумски линч под превезот на новинарството“. Имено, насловот на текстот во кој се пренесува соопштението на Фероинвест е уреднички така обликуван што од пренесеното соопштение се извлекуваат и видливо се нагласуваат (со големи букви) изразите „медиумски линч“ и „под превезот на новинарството“ – со цел на јавноста да ѝ се сугерира како треба да го „чита“ текстот, односно како да го толкува целиот случај поврзан со судската постапка за клевета покрената против редакцијата на ИРЛ. Етичкото правило за објективно новинарско известување подразбира особена внимателност при изборот на зборовите во насловот на текстот, бидејќи со насловот новинарот го одредува аголот на приказната, знаејќи притоа дека тоа има големо влијание врз начинот на кој понатаму се интерпретира целиот текст.

Комисијата нагласува дека членот 16 од Кодексот ја нагласува потребата од солидарност и чување на кредибилитетот и угледот на новинарската професија, што е од посебно значење во контекст на истражувачкото новинарство. Подривањето на работата на колегите кои работат на откривање корупција и незаконско работење на носителите на јавни функции дополнително го зголемува притисокот врз нивната независна работа и му нанесува огромна штета на целото истражувачко новинарство.

Комисијата, делумно го уважи укажувањето од Плусинфо дека објавиле став на ИРЛ преземен од Фејсбук статус на новинарка од ИРЛ истиот ден со неколку часовна разлика подоцна, каде има и линк до содржината на текстот што е предмет на оваа жалба. Иако, Комисијата сака да нагласи дека добра етичка пракса и правило е да се објави втората страна интегрално во истиот текст, за читателот да има увид истовремено во двете страни во сторијата, сепак бидејќи текст со втората страна е објавен со линк со основниот текст, Комисијата не донесе одлука дека е прекршен член 1 од Кодексот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **со мнозинство гласови** одлучи како што е погоре образложено. Еден член од Комисијата се иззема во процесот на одлучување за овој случај.

Во расправата за оваа точка учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Димитар Мицев, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби

Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595